РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 915/4
28.01. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 45 седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Историја - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) , на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

1.Се акредитира студиската програма „Историја - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран професор по историја /во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor in History Teaching VI A (NQF).
Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 6.01 Иаторија и археологија, Научно – истражувачка област: 6.01.01.01 Историја на Македонија, 6.01.01.02 Истрија на Балканот, 6.01.01.03Историја на стариот век, 6.01.01.04 Историја на средниот век, 6.01.01.05Историја на Македонија во средниот век, 6.01.01.06 Историја на Балканот во средниот век, 6.01.01.07 Историја на новиот век, 6.01.01.08 Историја на Мкаедонија во новиот век, 6.01.01.09 Историја на Балканот во новиот век, 6.01.01.10 Историја на најновиот век, 6.01.01.11 Историја на Македонија во најновиот век, .01.01.12 Историја на Балканот во најнов век, 6.01.01.13 Теорија на историјата, 6.01.01.14 Историогафија, 6.01.01.15 Културна историја, 6.01.01.16 Византологија, 6.01.01.17 Османистика, 6.01.01.18 Национална историја, 6.01.01.19 Архивистика, 6.01.01.20 Методика на наставата по историја, 6.01.01.21 Друго, 6.01.02.01 Праисториска археологија, 6.01.02.02 Протоисториска археологија, 6,01.02.03 Античка археологија , 6.01.02.04 Класична археологија, 6.01.02.05 Археологија на Блискиот исток, 6.01.02.06 Средновековна археологија, 6.01.02.07 Епиграфија 6.01.02.08 Нумизматика, 6.01.02.09 Теорија и историја на археологија, 6.01.02.10 Музеологија, 6.01.02.11 Конзервација и реставрација, 6.01.02.12 Семиотичка археологија, 6.01.02.13 Археолошки менаџмент и туризам, 6.01.02.14 Методологија на археологија, 6.01.02.15 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 25 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-810/14 од 17.11.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Историја - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-860/3 од 02.12.2025 година (наш бр. 08 - 915/1 од 03.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 44-та седницата одржана на 11.12.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 915/3 од 06.01.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република